DRÄXLMAIER

# Известување за закани за DRÄXLMAIER производите или ИТ системите



WE CREATE CHARACTER

Public: All rights reserved. Distribution to third parties allowed.

# Известување за закани за DRÄXLMAIER производите или ИТ системите

Доколку имате откриено потенцијална безбедносна закана за некој од нашите производи или за некој од нашите ИТ системи, пријавете ни ја со испраќање е-пошта до нашето поштенско сандаче на cert@draexlmaier.com.

За да можеме да ја следиме Вашата порака на најдобар можен начин, во е-поштата потребно е да ги внесете следниве информации:

### 1. Предмет на пораката

Доколку станува збора за потенцијална безбедносна закана за некој од нашите производи, Ве молиме ставете "Известување за можна закана за автомобилска сајбер безбедност / безбедност на производ" како предмет на пораката. Ако, пак, станува збор за закана за некој од нашите ИТ системи, Ве молиме ставете "Известување за можна закана за информациска безбедност" како предмет на пораката.

### 2. Јазик

Ве молиме испратете ни ги информациите на англиски или германски јазик.

### 3. Контакт

Со цел да ја обработиме Вашата порака, потребни ни се Ваши контакт податоци. Ве молиме имајте ја предвид информацијата за безбедност на податоците.

### 4. Информации за откривање на заканите

За да можеме да ги откриеме потенцијалните безбедносни закани, потребни ни се соодветни информации од Ваша страна:

- Детален опис на потенцијалната безбедносна закана и како може да се искористи истата.
- Производот (пр. име на компонентите, број на делот, верзијата на софтверот) или ИТ системот (пр. име, IP адреса, софтвер) на кои се однесува потенцијалната безбедносна закана.
- Времето во кое првично е откриена потенцијалната безбедносна закана.
- Барања кои мора да се исполнат за да се искористи потенцијалната безбедносна закана.

Сите обезбедени информации ќе бидат третирани како „доверливи".

Ако постои некаква поврзаност со безбедносна закана во областа на автомобилска сајбер безбедност / во областа на безбедноста на производот или информациската безбедност, ќе Ве контактираме во рок од 72 часа од добивањето на Вашата порака.

Ви благодариме за соработката.

### Информации за заштита на податоците

Контролорот на податоци согласно со чл. 4 бр. 7 GDPR е Lisa Dräxlmaier GmbH, Landshuter Straße 100, 84137 Vilsbiburg, Germany. Службеникот за заштита на податоците во компанијата можете да го контактирате на следната адреса

Службеник за заштита на податоци, Lisa Dräxlmaier GmbH, , Landshuter Straße 100, 84137 Vilsbiburg, Germany или на е-пошта  privacy@draexlmaier.com

Кога нè контактирате преку е-пошта, ние ги обработуваме контакт податоците што ги обезбедувате за да се реши проблемот и, ако е потребно, да Ве контактираме за дополнителни прашања. За ова потребно е да имате валидна е-пошта, така што ќе можеме да Ви одговориме. Доколку сакате, можете да обезбедите и дополнителни информации. Обработката на податоците за целите на контактирање со нас се врши во согласност со чл. 6 пар. 1 став 1 али. а) GDPR врз основа на Вашата доброволна согласност дадена со испраќање на Вашите податоци. Целта на обработката е да се обработи извештајот за закана што го поднесувате во врска со автомобилската сајбер-безбедност / безбедноста на производите или безбедноста на информациите. По завршувањето на обработката, личните податоци прибрани од наша страна ќе бидат избришани, освен ако правни или други причини ни дозволуваат да ги чуваме подолг временски период.

Нашата намера не е да ги користиме личните податоци прибрани од Вас за автоматско одлучување (вклучувајќи профилирање).

Вие не сте обврзани да ни ги дадете Вашите податоци, но нема да можеме да ја обработиме Вашата е-пошта без податоците за контакт.

За информации за Вашите права како предмет на податоци, правото да поднесете жалба, да ја повлечете Вашата согласност и дополнителни информации за обработката на податоците, Ве молиме погледнете го известувањето за заштита на податоците Data protection (draexlmaier.com)



Public: All rights reserved. Distribution to third parties allowed.